# МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Министерството за финансии врз основа на член 48 став 4 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18), член 2 од Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија" број 11/15 и 35/18) и Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии број 01-7191/2 од 24.04.2015 година, број 01-7191/5 од 13.05.2015 година, број 01-7191/7 од 11.06.2015 година, број 01-7191/8 од 18.06.2015 година, број 01-7191/9 од 24.06.2015 година, број 01-7191/12 од 16.07.2015 година, број 01-7191/14 од 23.09.2015 година, број 01-7191/16 од 20.10.2015 година, број 01-7191/18 од 23.11.2015 година, број 01-496/1 од 13.01.2016 година, број 01-496/4 од 04.08.2016 година, број 01-496/6 од 29.08.2016 година, број 01-7726/1 од 03.08.2017 година, број 01-6174/1 од 21.05.2018 година и број 01-6174/2 од 20.06.2018 година, објавува

## ИНТЕРЕН ОГЛАС БРОЈ 2/2018 ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВЕН СЛУЖБЕНИК ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ

Министерството за финансии објавува интерен оглас за унапредување на 1 административен службеник, на следново работно место:

1. УПР0101В02000, Ниво В2, Виш соработник за децентрализирано спроведување на проектите финансирани од ИПА за договори за услуги, набавки со договори за градежни работи, Одделение за ЕУ јавни набавки и склучување на договори, Сектор за централно финансирање и склучување на договори............1 извршител;
   <u>Вид на образование:</u>
   машинство или градежништво и водостопанство

   <u>Паричен нето износ на збирот од делот на плата за степен на образование и делот на плата за ниво:</u> 23,257.00 денари

<u>Кандидатот треба да ги исполнува следните општи услови:</u>

- да е државјанин на Република Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

1. <u>Посебни услови:</u>

- ниво на квалификаци VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
- најмалку две години работно искуство во струката;
- да е оценет со оцена „А" или „Б“ при последното оценување,
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас,
- да поминал најмалку две години на тековното работно место и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

2. <u>Потреби општи работни комепетенции на средно ниво:</u>

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон клиенти/засегнати страни и
- финансиско управување.

3. <u>Посебни работни компетенции:</u>

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски) и
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

<u>Распоред на работно време:</u>

- Работни денови: понеделник - петок
- Работни часови: дневно 8 часа
- Работни часови: неделно 40 часа
- Работно време: од 07-30 до 08-30 часот доаѓање и од 15-30 до 16-30 часот заминување

Заинтересираните административни службеници поднесуваат писмено пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата, преку писарницата на Министерството за финансии до организационата единица за управување со човечки ресурси, како и на службената електронска адреса на организационата единица за управување со човечки ресурси interen.oglas@finance.gov.mk, најдоцна до рокот утврден во овој оглас.

Кандидатот кој внел лажни податоци во пријавата се дисквалификува од натамошна постапка.

Потребната документација да се достави во затворен коверт на следнава адреса:

**Министерство за финансии**
**ул. „Даме Груев“ бр. 12, 1000 Скопје**
**(со назнака „интерен оглас за унапредување“)**

Рокот за пријавување на огласот е пет (5) дена од денот на објавување на огласот.

Лица за контакт:
Верица Стоилова - тел. 02/ 3255 619; verica.stoilova@finance.gov.mk
Лилијана Стојановска - тел. 02/ 3255 624; lilijana.stojanovska@finance.gov.mk